*Ристо КАНТАРЏИЕВ*

# ОБРАЗОВАНИЕТО И МАТЕРИЈАЛНАТА ПОЛОЖБА НА УЧИТЕЛИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIX ВЕК

До средината на XIX век — до она пределно време кога во Македонија се создаваат неопходни општествени и материјални услови за развитокот на школството, учителствувањето како професија, како специјално и единствено занимање на луѓето било сосема ретко. Професионални учители воопшто немало. Во ќелијните училишта — какви што имало само во Македонија до 30-те и 40-те години на минатиот век, учители најчесто биле свештеници и калуѓери[1]), а понекаде и световни лица. Тогаш не постоеле специјализирани установи за подготовка на учители. Позначајни просветно-културни центри биле манастирите. Тие ја играле улогата на елементарни училишта на црковната просвета и образование и во нив доаѓале да учат сите оние што сакале да станат калуѓери, свештеници, учители, или само да ја научат црковно-словенската писменост. Во она време ретко можел да се најде писмен човек кој не поминал неколку години на учење во некој манастир. Своето прво образование го добиле во манастирите голем број наши луѓе кои подоцна станале многу извесни духовни и световни лица. Во кичевскиот манастир Пречиста, на пример, извесно време учеле нашите први народни учители—будители, Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ.[2]) Во ќелијното училиште на манастирот Св. Јован Бигорски пак учеле Анатолија од Лазарополе (кој подоцна станал воспитач на рускиот царски двор), архимандритот Иларион од Лазарополе, Павле Х. Василев Аџиевски од Галичник, Партенија Зографски и др.[3]) Училишни средишта претставувале и други манастири во Македонија — Св. Архангел Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчински, Св. Јоаким Осоговски, Св. Јован Ветерски, Трескавец, Слепче, Св. Атанасие Лешочки, кои во текот на XVIII и XIX век, а некои од нив и порано, непрекинато подготвувале свештеници и учители за својот крај.

---

[1]) Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928 г., стр. 5.

[2]) Апостол Апостолов, Училишниот живот во горните села на Мала Река во XIX и почетокот на XX век, „Просветно дело", 1951 г., бр. 9—10, стр. 39.

[3]) Истото, стр. 40.

Учителствувањето не било главно и постојано занимање ни на приватните и општинските ќелијни учители, зашто тоа тогаш не обезбедувало сигурна егзистенција. Со учителствувањето тие се занимале по неопходност и тоа само како со второстепена и случајна професија, која ја вршеле покрај својата главна и редовна работа. А главната работа на приватниот ќелиен учител како световно лице му бил занаетот (шивачки, чевларски, ќурчиски, подврзување на книги и др.). Додека работел на занаетот, учениците го учеле својот урок и повремено тој ја прекинувал работата за да ги провери учениците дали го научиле зададениот урок или да им даде нов урок. Подобра донекаде била положбата на општинските ќелијни учители, зашто за својата работа примале плата од општината. Меѓутоа, и тие биле принудени да бараат дополнителна заработувачка работејќи на некој занает. Воопшто до 30-те години на минатиот век ретки биле луѓето на кои учителствувањето им било единствено и главно занимање. Образованието на ќелијните учители било многу ограничено. Сите тие биле воспитаници на ќелијните училишта — манастирските и градските, во кои одвај можеле да се здобијат со елементарна писменост. Нивните знаења биле мошне скудни и не излегувале надвор од кориците на часословот и псалтирот, или светчето и апостолот. Такви исти знаења тие пренесувале и кај своите ученици.

Како специјално и постојано занимање, учителствувањето кај нас се установува со појавата на световните училишта. Потребата за такви учители, на кои работата во училиштето ќе им биде единствено занимање, се наложувала од самиот карактер на овие училишта. Зашто, за разлика од ќелијните, во световните училишта се учеле нови, световни науки и во нив учеле многу поголем број ученици. Освен тоа, содржината, организацијата и методиката на наставната работа во световните училишта биле многу посложени одошто во ќелијните училишта. Сето тоа изискувало со наставата во овие училишта да раководат лица специјално подготвени за тоа. Од друга страна, световните училишта биле општонародни — за нивната работа бил заинтересиран целиот народ. Световниот учител бил платено лице — примал редовна месечна или годишна плата од училишната општина, на која ѝ бил непосредно одговорен за својата работа во училиштето и, освен учителствувањето, тој не смеел да има и друго занимање. А платата, макар што била скромна, сепак ги задоволувала неговите потреби, па не се наложувало тој да бара и други извори за своето издржување, како што тоа било неопходно за ќелијниот учител. На тој начин, со појавата на световните училишта кај нас се појавува и учителствувањето како професија, како специјално и единствено занимање на одделни луѓе. Тоа било од големо значење за натамошниот развиток на нашето школство.

По своето образование првите световни учители во Македонија многу не се разликувале од ќелијните учители. Голем број од нив биле ќелијни воспитаници, кои по силата на околностите станале световни учители. Во најдобар случај тоа биле лица што ги завршиле

класните училишта, но и тие освен најосновните знаења од науките што ги учеле во овие училишта, друго и немале што да им предадат на своите ученици. Во 40-те, 50-те и 60-те години на минатиот век некои од нашите поразвиени градови, како Скопје, Велес, Прилеп, Штип и др., што пројавувале стремеж да ги унапредат своите училишта, доведувале поподготвени учители од соседните словенски земји. Така, по покана на велешките трговци, од 1843 до 1861 г. во Велес учителствувале четири српски учители и една српска учителка — Спиридон Јовановиќ (1843—1845), Саво Радојчиќ (1845—1847),[4]) Јован Нешковиќ и неговата сопруга (1857—1859)[5]) и Ѓорѓи Милетиќ (1859—1861).[6]) Од нив најповеќе придонесол за унапредувањето на школството во овој град учителот Јован Нешковиќ. Тој бил мошне способен, учител со факултетско образование, кој во почетокот на учебната 1857/58 година во источниот дел на Велес („Прцорек") ги поставил основите на првото класно училиште, познато под името „Трговска школа", а неговата жена ги удрила основите на првото женско световно училиште во Македонија. Кон крајот на 1857 г. или во првата половина на 1858 г., во западниот дел на Велес класно училиште отворил и бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов.[7]) Тој, исто така, бил образован и способен учител, познат и како автор на неколку учебници и книги. Во 1861 г. класно училиште отворил во Штип српскиот учител Ѓорѓи Милетиќ,[8]) а во 1866 г. такво училиште основал во Прилеп бугарскиот учител Никола Ганчев Еничерев.[9]) Меѓутоа, овие учители биле само одделни појави и макар што многу придонесле за осовременувањето на училишната настава во местата каде што учителствувале, сепак не можеле посуштествено да влијаат врз изменувањето на општата состојба во која се наоѓало нашето школство тогаш. Мнозинството основни учители, особено по селата, биле неподготвени за учителскиот позив. Во една своја дописка во „Цариградски весник" од 1859 г., Ј. Х. Константинов-Џинот соопштува дека од тројца учители што таа година учителствувале во прцоречкото училиште во Велес, едниот бил полузналец, а другите два прости учители.[10]) К. Шапкарев, пак, во својата автобиографија за еден од своите колеги вели дека одвај можел и името да си го потпише.[11]) Такви појави не биле ретки меѓу нашето учителство во тоа време. Посолидна подготовка имале само оние учители што завршиле средни или виши училишта во странство. А такви учители имало малку кај нас тогаш.

---

[4]) Д-р Ј. Х. Васиљевић, цит. дело, стр. 88—90.

[5]) Ристо Кантарџиев, Класните училишта во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1971 г., кн. 23, стр. 89—92.

[6]) Истото, стр. 94—95.

[7]) Истото, 92—94.

[8]) Истото, стр. 95—96.

[9]) Истото, стр. 96—97.

[10]) „Цариградски вестник", бр. 420 од 28.II.1859 г.

[11]) Блаже Конески, Кон македонската преродба, Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1959 г., стр. 18.

Од оној мал број поиздигнати просветни и културни работници што оставија трага во културната историја на нашиот народ, ние ги споменуваме: Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Димитрија Миладинов, Рајко Жинзифов, Партенија Зографски, Константин Миладинов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев и Димитар Македонски. Како народни просветители и општествени дејци во еден период толку значаен во животот на нашиот народ, тие многу придонесле за нивниот напредок.

Јордан Х. Константинов-Џинот е еден од ретките наши преродбенски учители, кој со самообразование и самопрегорна работа успеал да се издигне над нивото на образованието на тогашните учители и да се здобие со завидна култура на времето. Но тој извесно време поминал на учење во Самоков и Солун, престојувал на грчките острови Хиос и Патмос — тогаш прочуени центри на новогрчката просвета, а исто така и во Србија и Романија, каде што се запознал со напредните училишни реформи и новата образованост. Престојувањето во овие земји имало несомнено големо влијание на неговата натамошна просветителска дејност.

Меѓутоа, Димитрија Миладинов и другите напред споменати просветни и културни работници од средината на XIX век се школувале во поинакви услови. Тие биле грчки воспитаници и токму поради тоа имале и добро образование. Зашто грчките училишта во Македонија тогаш биле најуредени и имале најдобар наставнички кадар. Тоа особено се однесува за Охрид, Струга и Битола, кои во тоа време биле сестрано повлијаени од грцизмот. Колку било силно грчкото духовно влијание во овие наши градови се гледа и од фактот што во првата половина на минатиот век во нив постоеле само грчки училишта. Во Охрид, на пример, елинското класно училиште било основано во 1802 г., а заемното училиште во 1841 г. Но покрај овие, во него работеле и неколку ќелијни грчки училишта.[12]) Во овие училишта во Охрид го добиле своето прво образование Д. Миладинов, П. Зографски, К. Миладинов, Г. Прличев и К. Шапкарев. Д. Миладинов го продолжил образованието и во Јанина, а К. Миладинов и Г. Прличев и во Атина, зашто „. . . тогаш само името на Атина и Јанино звучеше у нас".[13]) Во својата Автобиографија Г. Прличев со голема горчина наспоменува што тогаш не се нашол ниеден да го посоветува наместо во Атина да оди да учи во Русија.[14]) Воспитани во грчките училишта во духот на елинизмот, тие како грчки учители ќе бидат фанатични спроводници на грчкиот јазик, грчката образованост и култура кај нас. Д. Миладинов бил еден од најподготвените учители во тоа време и многу придонесол за ширењето на грчката просвета и воопшто за издигањето на грчките училишта во некои наши градови, особено во Охрид.

[12]) Ристо Кантарџиев, Неколку документи за отворањето на првите славјански училишта во Охрид во XIX век, „Просветно дело", 1957 г., бр. 7—8, стр. 388.

[13]) Григор Прличев, Автобиографија, Скопје, 1953 г., стр. 24.

[14]) Истото, стр. 24.

„Меѓу десетте учители што се изменија во време на моето ученикување во Охрид — пишува Г. Прличев, — ниеден не им беше толку полезен на учениците колку Миладинов. Тој во секоја постапка имаше нешто привлечно. Речта му течеше од устата како мед. Свештен оган му гореше во очите . . .“[15]) Истото тоа за него го вели во својата автобиографија и К. Шапкарев: „. . . сполучи да добие почтеното и желаемо име „добър учител“ какъв не беше дошъл пред него в Охридското училище (можит да се речит че и тога до сега не е дошъл друг како него) . . .“[16]) И, ете, овие длабоко елинистички настроени наши луѓе тогаш, во времето кога ќе се поведе борба против грцизмот, постепено и сè поопределено ќе ја доживеат својата преориентација кон словенизмот и ќе станат свесни будители на својот народ, идејни носители на неговите напредни стремежи. Се разбира, секој од нив оваа метаморфоза, својот генетички прелом ќе го доживее во овие или оние околности и на свој особен начин. Меѓутоа, потребно е да се наспомене дека оваа нивна преориентација е тесно поврзана со промените во економскиот и општествениот живот што настанаа кај нас кон средината на минатиот век. Тоа е време кога нашиот народ ја започнува борбата против Цариградската патријаршија, во која и нашето учителство како речиси единствен претставник на тогашната наша интелигенција мораше да се определува.[17]) Но освен оваа основна и општа причина, на нивното преродување дејствувале и други — надворешни причини и поттици. За Д. Миладинов таков поттик можела да биде неговата средба со рускиот научник Виктор Григорович во 1845 г.,[18]) дописките на Ј. Х. Константинов-Џинот во „Цариградски весник“,[19]) а исто така и неговите врски со Рачински.[20]) Сепак, тој својот дефинитивен пресврт ќе го доживее подоцна — во 1855/56 г., за време на своето престојување во Херцеговина, Босна, Војводина и Србија.[21]) Странствувањето во овие југословенски земји наполно ќе го прероди Миладинова и по враќањето во татковината тој ќе стане вистински народен будител, свесен и пламенен борец против фанариотското духовно ропство. Овој пресврт, толку карактеристичен за Д. Миладинов, најубаво го опишува неговиот ученик и следбеник К. Шапкарев: „. . . нека кажиме че до некое време, а именно дури не беше учителствувал в Магарово, или може малу нещо и понапред, беше страшен Елинист фанатик за Грьцизъмът може многу да іе повредил Българската народност. Но от тога, незнам по коя причина, възбудило се іе било малку чувство народности, а кога беше в Битоля, беше доволно славянист и на пъти дури и фанатик. След Битоля направи едно обхо-

---

[15]) Истото, стр. 20.

[16]) Ив. Снегаров, Принос към историята на просветното дело в Македония, Една автобиография на Кузман Шапкарев от 1864 г., — Македонски преглед, год. III, кн. 2, София, 1927 г., стр. 59.

[17]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[18]) Х. Поленаковиќ, Страници од македонската книжевност, Скопје, 1952 г., стр. 166.

[19]) Истото, стр. 166.

[20]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[21]) Х. Поленаковиќ, цит. дело, стр. 166—167.

ждение по Ерцеговина и Босна и Сърбия чрез Мостарскийт Владика, а кога се врати от тамо на 1856—1857 се погоди в Прилеп за Елински учител . . . От тогава се преправил беше от Савел на Павел, беше се възродило у него едно ненаситимо родолюбие, до толкова що-то дури до фанатизъм допираше. Но как да іе това негово родолюбие многу спомогна на заспалийт ни до тога народ, който ни гри не знаеше, нито нещо чувствуваше за народност.“[22])

Периодот од животот на Д. Миладинов по 1855/56 г. е инспириран со сестрана народна дејност. Тој неуморно работи на просветувањето и националното будење на својот народ. Длабоко народен човек, кој живо ги чувствува народните болки и страдања под фанариотското ропство, тој е на чело на движењето против тоа ропство. Но не само против грчкото духовенство, тој е исто така немилосрден и во борбата против гркоманството. Во едно свое писмо до Јанаки Стрезов од 1859 г., во кое ја осудува тогашната гркоманска дејност на Г. Прличев, сите оние што биле во служба на грцизмот тој ги наречува „апостоли отстапници на својата народност, отечество и родители“, што се „со тврда решеност и убеденост да ја изродат словенската храбра крв и да создадат грчки пеперуги со тифусен дух . . .“[23]) Со ваквата своја дејност на вистински народен трудбеник Д. Миладинов на директен или индиректен начин ќе влијае на многубројни свои ученици и ќе разбуди кај нив интерес за народното дело. Неговото влијание за некои од нив, како за Р. Жинзифов, К. Миладинов, Г. Прличев, К. Шапкарев и др., ќе биде решавачко за нивниот натамошен живот. По неговиот совет брат му Константин, неговиот соработник Р. Жинзифов и многу други ќе одат да учат во Москва. Под директниот впечаток од смртта на браќата Миладиновци во цариградските зандани, Г. Прличев — оној ист Прличев, којшто во 1859 г. беше толку остро критикуван од Д. Миладинов поради гркоманството, ќе ја доживее својата метаморфоза и ќе се врати дома од Атина „со тврдо решение да гине или да одмазди за Миладиновци.“ Повлијаен од Д. Миладинов, во 1857 г. К. Шапкарев го вовел македонскиот јазик во грчкото заемно училиште во Струга. Потоа, како народен учител, тој наполно се посветува на ширењето на просветата на мајчин јазик, за што издал и неколку учебници.

Некои од нашите преродбенски учители во својата дејност пројавувале колебливост и недоследност. Но тоа е сосем разбирливо ако се имаат предвид условите во кои работеле тие наши народни просветители. Постојано во борба за одржување на својата егзистенција, прогонувани од грчките владици и денунцирани од нив кај турската власт, поради што често биле затворани, во времето кога кај нас почнуваат да дејствуваат различни пропаганди — сето тоа многу влијаело на ваквото нивно држење. Но и покрај оваа нивна црта на приспосо-

---

[22]) Ив. Снегаров, цит. дело, стр. 60.

[23]) „Илюстрация Свѣтлина“, 1898 г., цит. според Бл. Конески, Македонските учебници од XIX век, стр. 21.

бување — карактеристична и за нашиот граѓанин во тоа време,[24]) значењето на нивната улога во преродбата на нашиот народ ни малку не се намалува. „Тие ја носат — верно — сета ограниченост на нивното време и на нивната средина, но доста им е на скромните даскали таа историска заслуга, што ја возродија словенската просвета во Македонија, во земјата каде што некогаш таа просвета и се беше зародила.“[25])

Заслугата на овие наши истакнати преродбенски учители за развитокот на македонската просвета е навистина голема и тоа дотолку повеќе што во времето кога тие делувале бројот на световните учители во Македонија бил многу мал. Не само за селата, туку и за градовите тогаш бил проблем да дојдат до образовани и способни учители. Од многубројни дописки и писма објавени во тогашните весници дознаваме дека токму поради тоа што немало учители во некои наши градови училиштата работеле нередовно и имале непостојан карактер. Освен тоа, поголемиот број од основните учители не биле подготвени за функцијата што ја вршеле. Нивните општи и стручни знаења биле мошне скудни — не ги надминувале знаењата што ги добивале во класните училишта, а педагошко-методската подготовка речиси била никаква. Уште послабо подготвени од нив биле учителките. Неподготвеноста на учителите за наставна работа била всушност основната причина за неуспехот што го покажувале учениците во училиштата.

Пообразовани учители се забележуваат во македонските училишта во 60-те и 70-те години на минатиот век. Во ова време значителен број македонски учители образованието го добиле во училиштата во соседните словенски земји и Русија, како и во педагошките училишта што ги основал во Штип (1869) и Прилеп (1874) нашиот истакнат педагог Јосиф А. Ковачев.

Во 50-те и 60-те години на минатиот век, како стипендисти на српската влада, во училиштата во Србија учеле и македонски деца и младинци. Тие во Србија се школувале по препорака на црковно-училишните општини на одделни македонски градови или истакнати граѓани. Бројот на учениците од Македонија во училиштата во Србија значително се зголемил кон крајот на 60-те и во 70-те години. Тогаш српската влада вложува усилби за да го прошири и зацврсти своето просветно и национално влијание во Македонија и за остварувањето на ваквата цел настојува преку новоформираниот Просветен одбор (1868) да привлече на школување во Србија што поголем број македонски деца и младинци. При редовната богословија во Белград во 1873 г. било основано II одделение со специјална наставна програма за забрзано школување на младинците од „неослободените области“. Ова одделение било повеќе познато под името „Странска богословија“[26]) За пет години, од септември 1873 г. до 16.VIII. 1878 г., II од-

[24]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[25]) Истото, стр. 20.

[26]) Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 382.

деление на белградската богословија завршиле 81 ученик од Македонија.[27]) Покрај општообразовните и богословските предмети, тие во него учеле педагогија и методика. По свршувањето на ова училиште голем број од нив се враќале во Македонија како учители и во своите родни места отворале световни училишта, со настава на српски јазик.

Но, потребно е да истакнеме дека во ова време освен во училиштата во Србија, извесен број македонски учители образованието го добиле и во училиштата во Бугарија. Некои од нив го завршиле пловдивското класно училиште, кое тогаш било едно од најуредените класни училишта во Бугарија. По враќањето во Македонија тие отворале основни и класни училишта според образецот на реформираните бугарски училишта и во нив го применувале новоздобиеното наставно искуство.

Во 70-те години на минатиот век неколку генерации на способни, модерни учители, излегле од педагошките училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп. Тоа биле првите од ваков вид училишта во Македонија. Во нив учениците добивале теориска и практична педагошка подготовка за професионална учителска работа. Особено внимание Ковачев обрнувал на практичната методска обука на своите ученици — идни учители. За првпат во училиштата во овие градови тој ја вовел новата, гласовната аналитичко-синтетичка метода што ја пренел од Русија и одделенско-часовниот систем на настава. Во Штип тој организирал и специјални педагошко-методски курсеви за учителите што сакале да ја усвојат новата наставна метода. Подготвувајќи во своите училишта модерни учители — новатори, способни да ги применуваат во училиштата новите наставни принципи и методи, Ковачев дал голем придонес за развитокот на методиката и организацијата на основното образование во Македонија.

Бројот на учителите со соодветна педагошко-методска подготовка во Македонија во третата четвртина на XIX век бил значително поголем во однос на учителите што работеле во македонските училишта во втората четвртина на истиот век. Меѓутоа и во ова време сè уште се чувствувала голема потреба од образовани учители, па поради нивниот недостиг во некои наши градови напоредно со световните работеле и ќелијни училишта. Во 1855 г. во Кратово, на пример, уште учеле „часословци и псалтирци“.[28]) Во 1866 г. во Прилеп покрај световно имало и две приватни ќелијни училишта.[29]) А во Берово низ целиот XIX век имало само ќелијни училишта.[30])

---

[27]) Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960 г., стр. 109—110.

[28]) „Цариградски вестник“, 1855 г., бр. 208.

[29]) Н. Г. Еничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906 г., с. 84.

[30]) Световно училиште било отворено во 1892 г. — Григорије Дракаловић, Старе школе у Малешу, Јужни преглед, Скопље, 1928 г., бр. 9, стр. 413.

*
* *

За својата работа учителите биле слабо наградувани. Нивните плати не само што биле многу мали, туку биле и непостојани. Најниски плати имале ќелијните учители. Во првата половина на минатиот век тие се движеле од 70—100 и до 500—600 гроша, а сосема ретко ја достигнувале сумата од 1000 гроша годишно. Во Кратово, на пример, ќелијните учители примале обично по 300, 400 и 600 гроша годишна плата.[31]) Во толкав износ примале плати ќелијните учители и во другите наши градови. Повисоки плати имале само попрочуените учители. Првиот општински учител во Велес, даскал Митре, имал во 1832 г. 1000 гроша годишна плата, а неговите помошници по 500 гроша.[32]) Значително помали биле платите на селските учители. Тие не изнесувале повеќе од 100, 200 и 300 гроша годишно, но затоа добивале од селаните стан, храна и огрев. Некои од нив својата работа ја наплатувале само во натура: во жито, пченка, грав и др. Ќелијниот учител го плаќал оној којшто го издржувал училиштето — манастирот, селото, црковно-училишната општина или родителите на децата ако тој бил приватен учител и држел свое училиште. Условите и времето на плаќањето се определувале по спогодба. Најчесто тие се исплатувале на крајот на годината, а во некои места и седмично, месечно или за времето од еден до друг празник. Во Велес, на пример, учениците им плаќале на своите приватни учители на крајот на седмицата, обично во сабота и затоа плаќањето се викало „саботница".[33]) Во Кратово, пак, роковите за исплатување на учителите биле поголемите христијански празници: Ѓурѓовден, Петровден, Крстовден, Митровден, Божиќ[34]) и др.

Покрај платите, ќелијните учители добивале повремено од родителите на учениците и различни подароци. Вообичаено било кога детето за првпат се поведе на училиште да му се однесе на учителот некаков подарок — кошула, гаќи, рало чорапи, марамче, јадење и пијалак.[35]) Кога Г. Прличев научил слободно да чита, дедо му го одвел на училиште и, според обичајот, му однел на учителот — Апотоле, еден салтар локуми и една шарена крпа.[36]) Учителот го дарувале кога детето би научило да чита, а исто така, кога тоа би го изучило часословот, псалтирот, светчето и другите книги.[37]) Таков обичај постоел речиси во сите наши училишта во тоа време. Ќелијниот учител добивал подароци во пари и натура и во други околности. Кога, на пример, му

---

31) Ст. Симиќ, Наша староврemска школа, ракопис откупен од Советот за просвета на НРМ, 1956 г., стр. 47—49.

32) Хр. Чочков, Град Велес, Учебното дело до революционните борби, София, 1929 г., стр. 11.

33) Сегашно и недавно минало на град Велес. — Кратък очерк от К.(аранфилович), Период. списание, год. VIII, кн. XL, Средец, 1892 г., стр. 557.

34) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 48.

35) Истото, стр. 50.

36) Г. Прличев, цит. дело, стр. 5.

37) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 51.

помагал на свештеникот во богослужбата во црквата и надвор од неа, исто така со нешто го дарувале. Во Кратово при крштевањето на децата му давале на даскалот 1—2 гроша, на венчавање 3—4 гроша, а за маслосвет, парастос и слично 3—5 гроша.[38]) Тој добивал подароци и од своите поранешни ученици, кога тие, на пример, би отвориле свој дуќан, занаетчиска работилница, кога би се ожениле или ракоположиле за свештеници.[39])

Сепак, платите и наградите што ги добивале ќелијните учители биле многу скромни и недоволни за нивниот опстанок. Затоа тие биле принудени да работат и на некој занает. Работите од својот занает тие ги вршеле во училницата за време на наставата, додека учениците ги учеле своите уроци. За време на наставата во училиштето доаѓале одвреме навреме и муштерии за да купат или да порачаат нешто да им изработи даскалот. Поради ваквиот карактер училиштата на приватните ќелијни учители повеќе личеле на занаетчиски работилници, одошто на вистински училишта.[40])

Меѓутоа, ни на световниге учители материјалната положба не била многу завидна. Навистина тие примале значително поголеми плати од ќелијните учители, но сепак не им биле доволни за нивните потреби. Во особено тешка положба биле селските учители, кои примале многу помали плати од градските учители. Додека просечната плата на селскиот основен учител била околу 500—600 гроша годишно, на градскиот основен учител таа изнесувала 2.000—3.000 гроша годишно. Исто така и платите на градските учители биле многу различни. Основните учители имале помали плати од класните учители, учителките биле послабо платени од учителите, а странските учители биле подобро платени од учителите домородци. Висината на учителските плати зависела, главно, од подготовката на учителите, а и од материјалната состојба на училишните општини. Поподготвените и поспособните учители биле поскапо платени. Затоа такви учители можеле да доведат само побогатите училишни општини. Таков бил, на пример, случајот со Велес, Скопје и Прилеп, во кои напредокот на учебното дело кон средината на минатиот век се должи токму на тоа, што тие можеле да плаќаат подобри учители од другите наши градови. Ова општо мислење за учителските плати ќе го поткрепиме со неколку податоци.

Од една сметка на Прцоречката училишна општина во Велес за 1853 и 1854 г. се гледа дека во 1853 г. учителот Ѓорѓија Даскалот за две години примил 5.301 грош, а учителката Мица Козароска за истото тоа време примила 510 гроша; во 1854 г. Митре Даскалот примил

---

[38]) Истото, стр. 51.

[39]) Истото, стр. 52.

[40]) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 53; К. Църнушанов, Келийните училища и учители в Прилеп, Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1943 г., стр. 35.

1.060 гроша, а две учителки заедно 500 гроша, на бугарскиот учител Дамаскин Даскалот за 6 месеци во 1855 г. општината му платила 2.540 гроша.[41]) Во 1848 г. Ј. Х. Константинов-Џинот се погодил за учител во Скопје за 5.000 гроша годишна плата.[42]) Во 1856 г. за главен учител во прцоречкото училиште во Велес дошол српскиот учител Јован Нешковиќ. Тој заедно со жена си, која била учителка во женското училиште, земал 10.000 гроша годишна плата.[43]) Од 1857 до 1862 г. во училиштето на западната страна во Велес учителствувал бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов за 10.000 гроша годишно.[44]) Како главен учител во Прилеп бугарскиот учител Никола Г. Еничерев имал 8—9.000 гроша годишна плата.[45]) Од 1870 до 1873 г. главен учител на училиштата на двете општини во Велес бил Васил Попович од Болгород (Бесарабија) со годишна плата од 12.000 гроша.[46]) Како учител и директор на сите училишта во Прилеп од 1874—1877 г. Јосиф Ковачев имал 120 турски лири годишна плата и „кукя наем с църковна плата".[47])

Еве како бил наградуван за време на своето учителствување во различни градови на Македонија К. Шапкарев. Како учител во Охрид во 1854 г. имал 800, а во 1855—1856 г. 2.000 гроша годишна плата; во Струга три години по 3.000—3.500 гроша; во Охрид две години (1859—1861) по 45 турски лири; во Прилеп четири години по 4.000—5.000 гроша; во Кукуш седум години по 65—72 турски лири; во Прилеп и Битола (1872—1874) по 72 турски лири; во Солун, Кукуш и Цариград по 120—160 турски лири.[48])

Положбата на тогашните учители била тешка не само поради малите плати, туку и поради условите во кои тие работеле, кои за нив често биле неподносливи. Тие биле изложени на самоволијата и каприците како на грчките владици, така и на месните чорбаџии. Последните се мешале во работата на училишните настојатели и си ја наложувале волјата при назначувањето или отпуштањето на учителите. Поради каприците и подбуцнувањата на велешките чорбаџии кај грчките владици Џинот морал неколку пати да го напушта својот роден град. И како учител во Скопје, поради истите причини, тој бил принуден неколку пати да го напушта и овој град. Во својата автобиографија К. Шапкарев расправа како тогаш и учителите се главувале како говедари и како тоа зависело од волјата на чорбаџиите. Кога тој поради

---

[41]) К.(аранфилович), цит. статија, стр. 567—568.

[42]) Васил Кънчов, Град Скопие, Периодическо списание, год. XI, кн. 55—56, Средец, 1898 г., стр. 117.

[43]) Хр. Чочков, цит. дело, стр. 24.

[44]) Истото, стр. 26.

[45]) Н. Г. Еничерев, цит. дело, стр. 81.

[46]) Хр. Чочков, цит. дело, стр. 29.

[47]) Хр. Шалдев, Град Прилеп за своите училища, Макед. преглед, год. I, кн. 1, стр. 54.

[48]) К. Шапкарев, Автобиография от 1883—1884—1895, ракопис, с. 24, (Фотокопија, Семинар за југословенска книжевност при Филозофскиот факултет во Скопје, инв. бр. 100).

неразбирањето на градските првенци бил принуден да го напушти Охрид, очекувајќи во Битола (1856 г.) да се назначи за учител во Велес или Струга, „охридянци, а особито Георше Гърдан гледаещем ме без работа, ми велеха „шетай сега без работа како говедар“.[49]) Воопшто, сменувањето и отпуштањето на учителите не биле ретки појави, а и самите учители често ги напуштале училиштата и барале други за поголема плата. Тоа, пак, многу лошо се одразувало врз работата на училиштата.

*Ристо КАНТАРДЖИЕВ*

## УРОВЕНЬ ОБРАЗОВАНИЯ И МАТЕРИАЛЬНОЕ ПОЛОЖЕНИЕ УЧИТЕЛЕЙ В МАКЕДОНИИ В XIX ВЕКЕ

### Резюме

До середины XIX века учительство как профессия, как специальное и единственное занятие в Македонии было очень редким. Уровень образования учителей был весьма невысоким. Они не были подготовлены для той функции, которую выполняли. Учительством они занимались по необходимости и то лишь как побочным и случайным делом.

Учительство, как специальное и постоянное занятие в Македонии становится возможным с образованием гражданских училищ — с половины прошлого века. С этого времени в школах Македонии работают более образованные учителя, получившие своё образование в училищах в соседних славянских странах и в России. Несколько поколений способных и образованных учителей вышли из стен педагогических училищ, основанных в Штипе (1869) и Прилепе (1874) выдающимся македонским педагогом Йосифом А. Ковачевым. Применяемые им в этих училищах новые учебно-методические принципы весьма способствовали приближению македонской школы к требованиям времени и её модернизации.

Материальное положение учителей в Македонии в XIX веке было незавидным. Их труд плохо оплачивался. Заплата учителей зависела главным образом от уровня их подготовки, а также от материального состояния общины, к которой принадлежала школа. Учителям начальных школ полагалась меньшая заплата, чем учителям предметникам, труд учительницы оплачивался ниже чем учителя, а труд иностранных учителей оплачивался лучше чем своих. Они, ратотая в очень трудных, часто невыносимых условиях, сыграли большую роль в развитии македонского просвещения.

---

[49]) Ив. Снегаров, цит. дел стр. 49.